РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 04-206/2
17.06. 2026 год.
ШТИП

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ, ШТИП
Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

INSTITUTE FOR PRESERVING CULTURAL MONUMENTS AND MUSEUM, STIP
R. OF NORTH MACEDONIA

ТЕЛ. ++ 389 392 044 WWW.zavodimuzejstip.mk
e-mail : zavodimuzejstip@t.mk

Врз основа на член 76-а став (1) и став (2) алинеа (5), член 76-ѓ, член 77-а став (1),(2) и (5), член 77-б, член 77-в став 1, член 77-г, член 77-д, член 77-ѓ од Законот за култура (″ Службен весник на РМ“ бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13,187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24), член 3, член 5, член 6 и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (″ Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ″ Службен весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21,111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодувањето во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен оглас од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип бр. 01-148/1 од 25.05.2021 година, и на Пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработувањето во јавен сектор (″ Службен весник на РМ“ бр.34/15), Правилникот за систематизација на работните места во Националнта Установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип, бр. 01-170/1/ од 13.08.2020 година и Правилниците за изменување и дополнување бр.01-69/1 од 26.02.2021, 01-146/1 од 25.05.2021, бр. 01-146/1 од 17.05.2023, 01-256/1 од 17.10.2024, 01-79/1 од 25.02.2025 год.и 01-31/1 од 27.01.2026 година како и Согласноста од Министерство за финансии бр. 19-2516/2 и 19- 3134/2 од 22.04.2026 година и Согласноста од Министерство за финансии бр. 19-2517/2 и 19- 3133/2 од 22.04.2026 год и Одлука за објавување на јавен оглас 01/2026 со бр. 04-206/1 од 17.06.2026 год, в.д.директорот на НУ Завод и Музеј Штип објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС БР: 01/2026**
**За вработување на неопределено работно време на 2 (две) лица даватели на јавни услуги во културата**

Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип има потреба од вработување на 2 (две) лица даватели на јавни услуги во културата, на неопределено време за следниве работни места:

1. КУЛ0304Д03003–Конзерватор за заштита на културно наследство-геолог во Одделение за идентификација и режим на заштита...............................................................(1) еден извршител;
2. КУЛ 0304 Д03 007 – Водич во Одделение за современа ликовна уметност и галериска дејност...........................................................................................(1) еден извршител

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните:

- **Општи услови за работно место реден број 1 и 2:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска одлука да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;

- **Посебни услови за работно место бр. 1 (Законот за Култура чл. 76-ѓ став 1 алинеа 3)**

- Високо образование, 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен. ( Инженерство и технологија, Инженерство на животна средина)
- До една година работно искуство

• **Посебни работни компетенции за работно место со реден број 1**

- Познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Распоред на работно време за работно место со реден број 1:**

- Работното денови: понеделник -петок
- Работни часови неделно: 40 часа

Паричен износ на месечна нето плата без минат труд за работно место со реден број 1: 54 611,оо денари

• **Посебни услови за работно место бр. 2 (Законот за Култура чл. 76-ѓ став 1 алинеа 3)**

- Високо образование, 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен. ( Хуманистички науки , Историја и археологија)
- До една година работно искуство

• **Посебни работни компетенции за работно место со реден број 2**

- Познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Распоред на работно време за работно место со реден број 2:**

- Работни денови : понеделник – петок
- Работни часови неделно: 40 часа
- Паричен износ на месечна нето плата без минат труд за работно место со реден број 2: 54 611,оо денари

**НАПОМЕНА:** Предвидените вработувања за работните места се согласно Измената на годишниот план за вработување на НУ Завод и Музеј Штип за 2026 год.бр. 03-53/1 од 09.02.2026 год.

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место.
Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во архива на НУ Завод и Музеј Штип или на web – страната на НУ Завод и Музеј Штип www.zavodimuzejstip.mk При поднесување на пријавата кандидатот го наведува бројот на работното место за кое се пријавува.

Кандидатите кон пријавата која треба да е пополнета во целост, прецизно и со точни податоци треба да ги приложат во оригинал или заверени на нотар документите за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство ( не постаро од 6 месеци);
- Диплома за завршено образование или уверение, оригинал или копија заверено на нотар
- Лекарско уверение за општа здравствена способност на кандидатот (не постаро од 6 месеци);
- Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност(не постара од 6 месеци);
- Доказ за работно искуство (доколку е наведено во посебните услови);
- Кратка биографија
- Сертификат за Познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- Сертификат за Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Рок за доставување на **пријавата** со потребните документи изнесува 15 (петнаесет) дена, сметано од наредниот ден од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на

објавување на огласот). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Постапката за селекција за вработување се состои од: административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на доказите имаат право да продолжат на интервју и ќе бидат контактирани за местото, времето, начинот и датумот на одржување на интервјуто.

Ненавремени и некомплетни пријави и документи нема да се разгледуваат.

Во рок од 3 (три) дена Комисијата подготвува и до директорот доставува предлог кандидат. Директорот во рок од 5 (пет) дена од денот на добивање на предлогот од Комисијата должен е да донесе Одлука за избор.

**Пријавата за вработување за сите работни места содржи:**

-Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивациско писмо

- кратка биографија;

-Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

-Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

Пријавата со комлетни документи кандидатите можат да ја достават директно во архивата на Националната установа, заклучно со последниот ден до 14.30 часот или по пошта во затворен плик со назнака**“за јавен оглас 01/2026” на адреса НУ Завод и Музеј Штип ул. Кеј Маршал Тито бр. 2, 2000 Штип. Тел за контакт +38932 392 044.**

***Национална Установа***
***Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип***
***в.д.директор***
***Славко Ѓоргиев***